55

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Билтен број 935
Скопје, 1 февруари 2008 година

просечна оценка 9.75. Магистерскиот труд под наслов: „Цвакален ефект кај интактно забало" го одбранила во март 1990 година и се стекнала со научниот степен магистер по стоматолошки науки од областа стоматолошка протетика.

Докторската дисертација под наслов: „Цвакален ефект кај индивидуи со тотални протези при различни по форма алвеоларни гребени" ја одбранила во јуни 1991 годинаи и се стекнала со звањето доктор на стоматолошки науки.

## НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

Проф. д-р Евдокија Јанкуловска d-r sci, во текот на изминатиот период, покажала перманентен интерес и напредок во наставната дејност и се издигна во еден вреден и извонредно солиден наставник по предметот мобилна стоматолошка протетика. За цело време, активно учествува во изведувањето теоретска и практична настава од доменот на мобилната протетика. Се одликува со солидна теоретска и практична подготвеност и секојдневно ги дополнува своите знаења, кои со голем успех им ги пренесува на студентите од II и IV година. Нејзините теоретски предавања секогаш се подготвени на високо техничко ниво, а нејзиното изразување е секогаш со јасен, разбирлив јазик и едноставен стил, што ги прави прифатливи и многу посетувани и ценети од страна на студентите. Токму поради нејзиниот висок квалитет на наставник, коректниот човечки однос кон студентите, тие ја ценат и ја почитуваат.

Нејзиното претходно образование од стоматологијата, забната техника и технологијата ѝ овозможува адекватно, методички издржано и со голем успех да ја води наставата како во клиничкиот така и во претклиничкиот дел по предметите од мобилната стоматолошка протетика.

Ментор е на повеќе студентски стручни теми, како и на специјализанти и магистранти по предметите од мобилната стоматолошка протетика.

Професор Јанкуловска била раководител на Катедрата за претклиничка мобилна протетика од 1994 до 1998 година.

Од 2005 година таа е раководител на постдипломските студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Проф. д-р Евдокија Јанкуловска, во својот работен век, се занимавала и со издавачка дејност, па така во 2001 година издаде учебник по предметот претклиничка мобилна протетика „Анатомија и морфологија на вилиците и забите". Покрај тоа во 2005 година издаде уште еден учебник по истиот предмет, но од областа на тоталната протеза: „Тотална протеза - претклиника". Во 2006 година го издаде второто издание на учебникот "Анатомија и морфологија на вилиците и забите".

Проф. д-р Евдокија Јанкуловска е еден од најактивните членови на Работната група за спроведување и контрола на антисида програмата во Р. Македонија од 1991 година. Била долгогодишен член на Работната група за спроведување на антисида програмата на Владата на РМ, потоа член на Работната група на Лекарската комора

на РМ и член на Работната група на Стоматолошкиот клинички центар во Скопје. Учествувајќи во оваа програма, таа е автор на Упатството за заштита на вирусот од сида на пациентите во стоматолошките ординации и вработените во стоматолошката дејност, издадено од Стоматолошкиот клинички центар во 1994 година и еден од авторите на Упатството за заштита на здравствените работници од сида, издадено од Лекарската комора на РМ во 1994 година.

## СТРУЧНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

Ако ја погледнеме стручната дејност на кандидатката можеме да констатираме дека во текот на досегашната работа таа покажува амбициозност, солидна стручна подготвеност и сериозен пристап при згрижувањето на болните со стоматопротетички помагала. Таа секојдневно ги следи и во практиката ги внесува сите новини од областа на протетиката, и тоа особено кога станува збор за изработувањето на тоталните протези, со што се издигна во врвен стручњак во Р. Македонија за таа област. Нејзиното вонредно познавање на претклиниката имплементирана во клиниката ѝ овозможува врвни успеси во практиката и ја чини комплетен стручњак при изработувањето на протетичките помагала.

Поле на посебен интерес на професор Јанкуловска е протезирањето на беззабните вилици (изработување на тоталните протези), гнатологијата и мастикаторната ефикасност на стоматогнатиот систем.

Стручното усовршување од доменот на тоталните протези професор Евдокија Јанкуловска го реализирала на Свеучилиштето во Загреб, во 1989 год., кај проф. д-р Крешимир Краљевиќ, d-r sci. Истовремено го посетувала и со успех го завршила курсот за протетичка и конзервативна реставрација на забите, кој го организираа проф. д-р Франц Мосер и доц. д-р Петар Петрин од Виена, во Загреб.

Исто така, на стручно усовршување од доменот на тоталните протези и гнатологијата била и на Стоматолошкиот факултет во Белград во 2002 година, кај проф. д-р Даринка Станишиќ Синобад, d-r sci.

Стручно надградување реализирала и од областа на денталната имплантологија, учествувајќи на постедукативниот курс за Ankylos импланти, во 2006 година.

Нејзините знаења ги надополнувала и со присуство и учество на разни стручно-научни манифестации во земјата и во светот.

За својата севкупна дејност била наградувана со разни одликувања и награди од Сојузот на здруженијата на лекарите на Македонија: благодарница (1986), диплома (1991) и плакета (1995), Златна плакета од Стоматолошкиот факултет по повод 40-годишниот јубилеј (1999), како и благодарница по повод 45-годишниот јубилеј (2004).

Нејзиниот интерес за стручно-научната работа започнува уште како студент, кога со стручни теми учествувала на конгресите на Сојузот на студентите по медицина и стоматологија, а подоцна со свои публикации од доменот на стоматопротетичката проблематика активно

учествувала на повеќе симпозиуми и конгреси во Републиката и во странство, кои се секогаш високо оценети.

Со својата пријава, кандидатката проф. д-р Евдокија Јанкуловска приложила за рецензија 57 стручно-научни трудови, од кои 50 беа предмет на рецензија при нејзините претходни избори за асистент, доцент, вонреден и редовен професор во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 362, 422, 486, 551, 555, 643 и 826.

Од изборот за редовен професор, проф. д-р Евдокија Јанкуловска d-r sci ги изработила следниве трудови:

51. **"Determination of the distance between the nose breathe line and the vibration line"**
E. Jankulovska, V. Vankovski, S. Petkova, A. Spirovska
9 th Congres of tne Balkan Stomatological Society,Ohrid, 2004,294.

Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 867.

52. **„Тотална протеза - претклиника"**
Е. Јанкуловска
Учебник на Стоматолошки факултет, „Скенпоинт", Скопје, 2005.

Учебникот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 825.

53. **„Preprosthetic soloving a torus mandibularis"**
Simjanovska Lj., Jankulovska E., Jakimovic – Tasevska K.,Simjanovski S., Markovska M.
11 th Congres of tne Balkan Stomatological Society, Sarajevo, 2006,125.

Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 874.

54. **„Анатомија и морфологија на вилиците и забите"**
Е. Јанкуловска
Учебник на Стоматолошки факултет, „Скенпоинт", Скопје, 2006.

Учебникот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 777.

55. **„Современа теорија за поставување на заби со примена на биолошки принципи"**
Е. Јанкуловска
Македонски стоматолошки преглед, Скопје, 2006, 1, 139-157.

Авторот во трудот презентира еден современ метод на поставување вештачки заби, кој денес наоѓа широка примена низ европските земји. Предноста на овој современ метод е што вештачките заби се поставуваат во две фази: прелиминарна и дефинитивна. Прелиминарната фаза означува поставување на вештачките заби со примена на биолошки принципи и

статички правила, додека дефинитивната фаза ги формира сагитална и трансверзална компензациска крива, значајни за артикулацијата на забите. Протезите изработени по овој метод се карактеризираат со поголема функционална вредност.
Трудот има стручно-научен карактер.

56. **„Компјутерско одредување на бојата на вештачките заби"**
Е. Јанкуловска, М. Ѓуриќ, М. Велевска
Во печат во МСП.

Во овој труд е презентиран најсовремениот и најпрецизен метод за определување на бојата на забите со помош на компјутерски систем т.н. Shade Scan System. Тој претставува досега највисоко технолошко достигнување, новина и првенец за брзо, прецизно и ефикасно определување на бојата на забите. Прикажани се составните делови на апаратот, како и начинот на определување на бојата на забите.
Shade Scan System–от е исклучително прецизен и посебно корисен за определување на бојата на забите на забно-протетички помагала (фасета, коронка, мост, парцијална протеза), кои треба да се вклопат меѓу преостанатите природни заби.
Трудот има апликативен карактер.

57. **„Претпротетичко хируршко решавање на торус мандибуларис"**
Е. Јанкуловска, Љ. Симјановска, П. Јанкуловски
Во печат МСП.

Во овој труд е прикажан случај со делумна беззабност и силно изразит torus mandibularis. Протетичкото згрижување на пациентот е со претходно хируршко отстранување на торусот, а протетското помагало е со скелетирана парцијална протеза, која има ограничено слегнување на протезата. Всушност е прикажан начинот на решавање на ситуација и текст на постапка.
Трудот има стручен карактер.

## ЗАКЛУЧОК

Како долгогодишен професор и рецензент на проф. д-р Евдокија Јанкуловска, имам голема чест и задоволство да го изразам своето мислење за кандидатката, кое го делам и со другите членови на Рецензентската комисија, дека проф. д-р Евдокија Јанкуловска напиша два учебника: „Анатомија и морфологија на вилиците и забите" и „Тотална протеза - претклиника", кои од педагошки и стручен аспект навистина се со висока стручна и наставна содржина и се едни од најдобрите, ако не и најдобри во Република Македонија, како и во нашето непосредно опкружување за кое заслужува и има добиено посебно признание. Посебно значајно е што во стручната литература и наставата на Стоматолошкиот факултет тие претставуваат голем придонес во едукативниот процес на стоматолошкиот кадар.

Врз основа на изнесениот материјал, а познавајќи ја лично проф. д-р ЕВДОКИЈА ЈАНКУЛОВСКА d-r sci, како клинички лекар, специјалист, асистент, доцент, вонреден и редовен професор, како и нејзиниот перманентен напредок во струката, желбата за усовршување и пренесување на теоретските и стручните сознанија на студентите изразени преку извонредните теоретски предавања, практиката и напишаната стоматолошка мисла, а и нејзиниот пристап кон научниот дел верифициран преку магистерскиот труд и докторската дисертација и нејзините менторства, Комисијата смета дека кандидатката поседува солидни стручни, педагошки и извонредни научноистражувачки квалитети потребни за избор во наставно звање, и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет да ја **преизбере за РЕДОВЕН ПРОФЕСОР** по сите предмети од областа на мобилна стоматолошка протетика.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Игнат Богдановски d-r sci, с.р.

Проф. д-р Драгољуб Велески d-r sci, с.р.

Проф. д-р Ерол Шабанов d-r sci, с.р.

Проф. д-р Елена Петкова d-r sci, с.р.

Проф. д-р Марија Накова d-r sci, с.р.